# Извештај за можностите и перспективите на про боно правната помош во Република Македонија

Македонско здружение на млади правници

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

**Автори:**
**Гоце Коцевски**
**Павлина Зефиќ**
**Светлана Црвенковска**

**Скопје, септември 2018 година**

**Наслов**
Извештај за можностите и перспективите на про боно правната помош во Република Македонија
**Издавач**
Македонско здружение на млади правници, Зоран Дранговски
**Автори**
Гоце Коцевски
Павлина Зефиќ
Светлана Црвенковска
**Лектура**
Весна Костовска
**Ликовно-графичко обликување**
Ани Аранѓеловиќ
**Печат**
ПОЛИЕСТЕРДЕЈ Д.О.О.Е.Л
**Тираж**
250 примероци
**Забелешка**
„Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество - Македонија".

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

347.921.8(497.7)(047.31)

КОЦЕВСКИ, Гоце
Извештај за можностите и перспективите на про боно правната помош во Република Македонија / автори Гоце Коцевски, Павлина Зефиќ, Светлана Црвенковска. - Скопје : Македонско здружение на млади правници, 2018. - 32 стр. : илустр. ; 21 см
Библиографија: стр. 27. - Содржи и: Прашалник

ISBN 978-608-4843-11-5
1. Зефиќ, Павлина [автор] 2. Црвенковска, Светлана [автор]
а) Бесплатна правна помош - Македонија - Извештаи
COBISS.MK-ID 108852234

## Листа на кратенки

АКРМ – Адвокатска комора на Република Македонија
ЗА – Закон за адвокатура
ЗПП – Закон за парничната постапка
ЗН – Закон за нотаријат
ЗИ – Закон за извршување
ЗОУП – Закон за општа управна постапка
ЗУС – Закон за управните спорови
ЗБПП – Закон за бесплатната правна помош
ЗКП – Закон за кривичната постапка
ЗПД – Закон за правда за децата

# СОДРЖИНА


Воведни забелешки 4
За извештајот 4
Користена методологија 5
Дефинирање на поимот про боно 6
Дел 1: Правната рамка за обезбедување про боно услуги во РМ 6
1.1 Дозволеност на про боно правната помош 7
1.2 Процесни импликации на обезбедувањето про боно правна помош 9
1.3 Државно финансираната бесплатна правна помош 12
1.4 Фискалните импликации за адвокатите што обезбедуваат про боно услуги 12
Дел 2: Обезбедување про боно правна помош во РМ 13
2.1 Демографски карактеристики на примерокот 13
2.2 Наоди од спроведеното истражување 15
2.2.1 Распространетост на про боно правната помош 15
2.2.2 Видови правни прашања и категории лица на кои им е обезбедена про боно правна помош 17
2.2.3 Фактори што влијаат врз обезбедувањето про боно услуги 18
2.2.4 Институционализираност на про боно услугите во рамките на адвокатските канцеларии 20
2.3 Заклучоци 21
Дел 3: Фактори што влијаат врз обезбедувањето про боно услуги 22
3.1 Фактори што поттикнуваат обезбедување про боно услуги 22
3.2 Фактори што негативно влијаат врз обезбедувањето про боно услуги 23
Заклучоци 25
Препораки 26
Анекс 1: Користена литература 27
Анекс 2: Прашалник за истражување на распространетоста на про боно правната помош во РМ 28

# Воведни забелешки

## За извештајот

Извештајот за можностите и перспективите за развој на про боно[1] правната помош во Република Македонија (во понатамошниот текст Извештајот) ја анализира сегашната состојба во поглед на обезбедувањето на овој вид правна помош во Република Македонија. Извештајот ги идентификува факторите што позитивно или негативно влијаат врз давањето про боно правна помош. Дополнително, Извештајот прави обид да ги утврди перспективите за зајакнување на овој вид правна помош во РМ, притоа земајќи ги предвид постојната правна рамка, статусот и положбата на адвокатурата, како и правните потреби на сиромашните и обесправените граѓани.

Потребата од изработка на ваков Извештај произлегува од отсуството на стручни или научни трудови што го анализираат феноменот на про боно во РМ. Овој вид волонтерска правна помош, иако во сегашното значење на поимот потекнува од САД, поради глобализирањето на правната професија преку мултинационалните адвокатски компании што отвораат канцеларии во повеќе држави во Европа, неизбежно започнува да биде дел и од вообичаените работни обврски на континенталната адвокатска професија. Како држава кандидат за членство на ЕУ, во блиска иднина РМ неизбежно ќе се соочи со влез на меѓународни адвокатски фирми со кои, меѓу другото, ќе дојде и организираното обезбедување про боно правна помош на кое тие посветуваат особено внимание. Од друга страна, пак, државно финансираните модели на обезбедување правна помош (задолжителна одбрана, одбрана за сиромашни, правна помош во граѓански и управни постапки согласно Законот за бесплатна правна помош итн.) се соочуваат со сериозни проблеми во поглед на финансирањето, но и во поглед на нивната соодветност да одговорат на реалните потреби на граѓаните, што создава одредена празнина во задоволувањето на правните потреби на граѓаните. Оваа правна празнина најчесто се пополнува од страна на доброволна и волонтерска работа на адвокати. Поради тоа, од особено значење е подетална анализа на ова прашање.

Во вакви околности, а со цел да се надополни празнината од трудови што го анализираат феноменот про боно, Извештајот има цел да поттикне дебата меѓу стручната и научната јавност, како и меѓу клучните засегнати страни за потребите и можностите од унапредување на постојните и развивање нови видови про боно правна помош. Дополнително, Извештајот укажува на потребата од следење и анализа на про боно правната помош.

Извештајот се фокусира на три клучни елементи. Прво, ја анализира постојната правна рамка од гледна точка на прашањето дали таа овозможува и поттикнува обезбедување правна помош без награда. Второ, врз основа на спроведена анкета на статистички релевантен примерок, Извештајот идентификува дали и во која мера адвокатите во РМ обезбедуваат про боно правна помош. За крај, Извештајот ги идентификува и ги опишува факторите што позитивно или негативно влијаат врз обезбедувањето про боно правна помош. Покрај овие три елементи, Извештајот содржи и опис на глобалните трендови во однос на овој вид правна помош.

Извештајот е изработен во рамките на проектот „Унапредување на услугите на про боно правна помош во Република Македонија“, спроведен од Македонското здружение на млади правници, а финансиски поддржан од Фондацијата Отворено општество Македонија. Извештајот е изработен од тим правни истражувачи предводен од Гоце Коцевски, координатор за правна помош во МЗМП, со придонес на Павлина Зефиќ, адвокат, и Светлана Црвенковска, координатор за истражување и застапување во МЗМП.

---

1 Значењето на поимот про боно е дефинирано подолу во дел Дефинирање на поимот про боно

## *Користена методологија*

При изработката на Извештајот, истражувачкиот тим користеше комбиниран пристап од анализа на примарни и секундарни извори на податоци.

Истражувањето пред себе ги имаше следниве истражувачки цели:

- Дали и во која мера постојната правна рамка, која го уредува обезбедувањето правна помош во РМ, дозволува и поттикнува обезбедување про боно правна помош?
- Дали и во која мера (квантифицира) адвокатите во РМ обезбедуваат про боно правна помош во РМ? На кои лица им се обезбедува правната помош? За кои правни прашања? Дали про боно правната помош е институционализирана или се спроведува врз основа на непишани правила?
- Кои се факторите што позитивно или негативно влијаат врз обезбедувањето про боно правна помош?
- На кој начин може да се зголеми и да се зајакне обезбедувањето про боно правна помош во РМ?

Со цел остварување на истражувачките цели, користени беа следниве методи за прибирање податоци:

- Анализа на документи[2] (desk research), која вклучува преглед и анализа на следниве документи:

    - Релевантна литература, научни и стручни трудови, извештаи и анализи, кои го анализираат феноменот про боно, и пристап до правда и
    - Прописи што го уредуваат обезбедувањето правна помош, вклучувајќи ги законите, другите прописи, како и актите на Адвокатската комора на РМ што се однесуваат на професионалните и етичките стандарди на професијата.

- Веб-анкета со користење онлајн платформа за истражување на јавното мислење. За потребите на анкетата се изработи посебен анкетен прашалник[3]. Учеството во истражувањето беше анонимно. Прашалникот беше пополнет од страна на 115 адвокати (испитаници). Анкетата овозможи квантитативни податоци за бројот на адвокати што обезбедуваат про боно правна помош на статистички релевантен примерок.

- Структурирани фокус-групи со адвокати. Фокус-групите овозможуваат подлабок увид во ставовите и мислењата на адвокатите во однос на про боно правната помош во споредба со анкетата како метод. Организирани беа четири регионални фокус-групи на кои учествуваа вкупно 38 адвокати што по случаен избор беа поканети да учествуваат во фокус-групата.

2 Прегледот на анализираните документи е содржан во Анекс 1 кон Извештајот.
3 Анкетниот прашалник е приложен во Анекс 2 кон Извештајот.

## Дефинирање на поимот про боно

Во РМ не постои законска дефиниција на поимот про боно правна помош. Ова не е за изненадување затоа што најголем дел од европските држави немаат дефиниции за овој поим, ниту, пак, воспоставуваат обврска за задолжително обезбедување ваков вид услуги, за разлика од САД, каде што професионалните правила и стандарди експлицитно уредуваат што се подразбира под вршење про боно правна помош[4].

Во отсуство на законска дефиниција, а пред да се започне со истражувачки активности, потребно е овој поим да се дефинира јасно и прецизно. Што опфаќа, односно што не опфаќа про боно правната помош често вклучува различни одговори од страна на адвокатите што, впрочем, и се докажа со ова истражување. Потесно ограничување на поимот про боно дава постојната литература.

Про боно е скратена форма од латинската фраза pro bono publico што се преведува како „за јавното добро, т.е. за доброто на сите"[5]. Со текот на времето, оваа фраза се поврзува, пред сè, со правото, особено со неплатената работа што ја обезбедуваат адвокатите[6]. Сепак, можат да се издвојат одделни суштински елементи[7] на поимот, кои, пак, придонесуваат за прецизно дефинирање на овој поим. Тие суштински елементи се:

- Про боно работата е обезбедување бесплатна правна помош за добра, т.е. за благородна цел.
- Активностите на про боно вклучуваат советување и застапување лица во тешка материјална состојба, добротворни и други непрофитни организации и здружувања, како и посветеност кон заштитата на законитоста (due process) и човековите права.
- Про боно правната помош е предмет на истите професионални стандарди за обезбедување правна помош како и платената правна помош.
- Про боно го опфаќа исклучиво волонтерскиот труд што вклучува правна работа. Другите добротворни активности на адвокатите и адвокатските друштва не се сметаат за обезбедување про боно услуги.

Врз основа на суштинските елементи, **про боно правните услуги може да се дефинираат како услуги на правна помош што се обезбедуваат лично и по сопствена волја, без награда или очекување друга материјална корист, на лица што живеат во тешка материјална положба или на организации што им помагаат на лицата што живеат во тешка материјална положба**[8]. Како про боно правна помош не се смета:

- Задолжителната одбрана и одбраната за сиромашни обезбедена во согласност со Законот за кривичната постапка.
- Државно финансираната правна помош врз основа на Законот за бесплатна правна помош (во понатамошниот текст ЗБПП).
- Правната помош без награда или со значително намалена награда што е обезбедена не поради сиромаштијата на странката (пр. правна помош на пријатели, семејство итн.).
- Обезбедената правна помош без награда, со договор за наплата на награда по правосилно окончување на предметот во кој е обезбедена таа

## Дел 1: Правната рамка за обезбедување про боно услуги во РМ

Овој дел од извештајот ја анализира постојната правна рамка што е релевантна за обезбедување про боно правна помош во РМ. Предмет на анализата, покрај законите и другите релевантни прописи, се и актите на Адвокатската комора што се задолжителни за адвокатите. Предмет на анализа беа следниве правни прашања:

---

4 ABA Model Rule 6.1 on Voluntary Pro Bono Publico Service.
5 Black's Law Dictionary, 4th ed., s.v. "pro bono publico".
6 "Tension at the Border": Pro Bono and Legal Aid - A Consultation Document prepared by the Canadian Bar Association's Standing Committee on Access to Justice.
7 Bälz, Kilian, henning Moelle, and finn Zeidler. "rechtsberatung pro bono publico in Deutschland-eine Bestandsaufnahme." Neue Juristische Wochenschrift: NJW 61.47 (2008): 3383-3388.
8 American Bar Association. Supporting Justic – A Report on the Pro Bono Work of America's Lawyers. April 2018.

- Дали постојната правна рамка дозволува (не забранува) обезбедување правна помош без награда? Ако одговорот е да, дали се уредени определени услови во чии случаи може да се даде про боно правна помош?
- Дали обезбедувањето про боно правна помош на посреден начин е отежнато или олеснето од страна на други прописи што не се однесуваат на обезбедувањето про боно правна помош?

## 1.1 Дозволеност на про боно правната помош

Уставот на РМ ја определува адвокатурата како „самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон“ (Член 53 од Уставот на РМ). За адвокатурата, Уставот зборува во контекст на гаранциите на основните слободи и права[9]. Во однос на про боно услугите, релевантни се две клучни уставни карактеристики на адвокатурата. Таа е **„самостојна и независна“** и претставува „**јавна служба“**. **Самостојноста и независноста** значат дека правилата за вршење на службата се уредуваат од страна на адвокатите, самостојно и автономно, вклучувајќи и забрана за која било од трите власти во државата, како и други субјекти да влијаат врз начинот на работата на адвокатите како професионалци, но и врз формите на организирање на адвокатите. Од друга страна, пак, воспоставувањето на адвокатурата како **јавна служба,** а не како приватна професија, т.е. дејност укажува дека во фокусот на професијата, покрај заштитата на правата на своите клиенти, е и поширокиот јавен интерес. Од оваа карактеристика произлегуваат специфичните обврски на адвокатите кон јавното добро што се преточени во актите со кои се уредува начинот на вршење на професијата.

Законот за адвокатура (во понатамошниот текст ЗА) поблиску го уредува обезбедувањето на правната помош, вршењето на адвокатската дејност, организацијата на адвокатурата, условите за вршење, мирување и престанок на адвокатската дејност, како и правата и обврските на адвокатите. Законот ги уредува облиците на правна помош што се обезбедуваат од страна на адвокатите (чл. 3 од ЗА). Посебните облици можат да се поделат во следниве три категории:

- Правни совети и давање правна помош на физички и правни лица.
- Составување исправи, правни акти, договори и поднесоци во судски и други постапки.
- Застапување физички лица и деловни субјекти пред домашни и меѓународни судови, државни органи, органи на локалната самоуправа. Во оваа категорија спаѓа и одбраната на осомничени и обвинети лица во полициските станици, јавното обвинителство и пред надлежните судови, како и застапувањето во водење преговори и вршење услуги на деловен протокол.

При давањето правна помош, секој адвокат е должен да се води од интересите на странката/клиентот (чл. 2 ст. 3 од ЗА) и да ги застапува правата и интересите исклучиво на страната што го овластила. Според содржината на овој закон, секој адвокат е должен да биде стручен, совесен, да ги чува сите информации што ги добил во текот на својата работа во тајност и при својата работа д**а го почитува Кодексот на адвокатска етика и другите акти на Адвокатската комора** (чл. 17 ст. 1 од ЗА).

Адвокатската комора на Република Македонија е организација што ги обединува адвокатите. Комората е регистрирана како правен субјект (во понатамошниот текст АКРМ), а нејзината надлежност и нејзината работа се дефинирани со ЗА и со Статутот на АКРМ. Комората е надлежна за упис, бришење и промени кај адвокатите (домашни или странски), адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници (член 34). Освен за статусните прашања на адвокатите, АКРМ е одговорна за носење поединечни акти поврзани со адвокатската дејност (пр. кодекс на етика, адвокатска тарифа) и за решавање прашања поврзани со дисциплинските повреди, одговорноста на адвокатите и повредите на угледот на адвокатурата, континуираната обука и усовршувањето на адвокатите. Накратко, АКРМ е тело што ја претставува адвокатската фела, ги застапува нејзините интереси и се грижи за непречено вршење на адвокатската дејност (член 3 од Статутот на АКРМ). Комората функционира преку формирање органи и тела, точно предвидени со нејзиниот статут, каде што се наведени нивната цел, улога, број на членови и мандат.

9 Шкариќ С. Споредбено и македонско уставно право. Скопје, 2003 година.

Законот го признава правото на адвокатот на награда и надоместок на трошоците за извршената работа во вршењето на адвокатската дејност (чл. 19 од ЗА). Во однос на висината и начинот на пресметување на наградата, Законот упатува на ***Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите***. Законот не ја уредува ситуацијата во случај кога странката не е во можност да ги исплати наградата и надоместокот на трошоците на адвокатот.

## *Тарифа за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите*

Тарифата претставува автономен акт на АКРМ со која се одредуваат висината на наградата и трошоците на дадената правна помош (чл. 1 од Тарифата). Тарифата остава можност за слободно договарање на наградата и трошоците, ***но не пониско од она што е предвидено со Тарифата***. Со други зборови, Тарифата го уредува минимумот, најнискиот износ на цените на чинење на адвокатските услуги под кој адвокатите не смеат да вршат наплата за дадените услуги. Наплаќањето и договарањето пониска награда за застапување спротивно на Тарифата претставува дисциплинска повреда, а со тоа и основ за поведување дисциплинска постапка против адвокатот согласно Правилникот за дисциплинска одговорност на адвокатите.

Сепак, Тарифата предвидува исклучок од ова начело. Тарифата му воспоставува обврска на адвокатот „на странката, која според законот може да биде ослободена од плаќање трошоци на постапката (сиромашно право)" даи даде бесплатна правна помош (чл. 6 од Тарифата).

## *Кодекс за професионалната етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници на Адвокатската комора на Република Македонија*

Кодексот за професионалната етика на адвокатите е збир од усвоени начела според кои треба да се управуваат адвокатите во својата работа. Тие се во согласност со општите начела на етиката на веќе претходно прифатените и развиени начела на професионалната етика на адвокатурата. Непридржувањето кон правилата и начелата на Кодексот за професионалната етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници претставува повреда на дисциплината, санкционирани со Правилникот за дисциплинска одговорност на адвокатите.

Одредбите од Кодексот на адвокатска етика и Адвокатската тарифа предвидуваат можности за давање адвокатски про боно услуги (услуги без надоместок), во случај кога станува збор за сиромашна странка, која може да биде ослободена од плаќање трошоци во постапката.

Кодексот на адвокатска етика, во главата „Односот кон странката и предметот" во алинеја 4, го предвидува следново: *„Доколку се работи за сиромашна странка што не е во состојба да ја плати наградата на адвокатот во полн износ,* ***тоа не може да влијае врз ускратување на тоа да се даде правна помош или вршење јавно овластување,*** *бидејќи ова претставува традиционална и чесна задача на адвокатската професија".*

Понатаму, во точка 8 од Кодексот се наведува *„Ако е во прашање странка што ги исполнува условите за давање бесплатна правна помош согласно нормативните акти на АКРМ, адвокатот е* ***должен да не бара никакво надоместување,*** *имајќи го притоа постојано предвид старото етичко начело на адвокатите: никој, поради неможност за плаќање на наградата на адвокатот, да не остане без адвокатска и квалитетна правна помош".*

Прописите и актите што го уредуваат вршењето на адвокатската дејност не забрануваат вршење про боно услуги на правна помош, токму напротив, тоа е издигнато на професионално начело како традиционална и чесна задача на адвокатската професија. Обезбедувањето про боно правна помош, според овие акти, е предвидено во следниве случаи:

- Странката ги исполнува условите за давање бесплатна правна помош согласно нормативните акти на АКРМ и/или
- Странката ги исполнува условите за ослободување од плаќање на трошоците на постапката (сиромашно право).

Разгледаните прописи и акти не предвидуваат про боно правна помош за правни лица (пр. здруженија и фондации).

## 1.2 Процесни импликации на обезбедувањето про боно правна помош

**Законот за парнична постапка** (во понатамошниот текст ЗПП) не предвидува задолжително адвокатско застапување во парничната постапка. Законот предвидува можност странката да биде застапувана од полномошник (што не е секогаш адвокат), но не и обврска (член 80 од ЗПП). Како полномошници во постапката, покрај адвокат, може да се јават и лица што се дипломирани правници, а се во редовен работен однос кај странката; роднина по крв во права линија, брат, сестра или брачен другар, под услов да бидат деловно способни (член 81 од ЗПП). Доколку странката е застапувана од адвокат, тој може да ги презема оние дејства за кои странката го овластила преку полномошно.

Во случај странката да биде ослободена од плаќање такси и трошоци поради нејзината имотна состојба, а потребнаи е заштита на нејзините права, таа може да поднесе барање до судот даи биде назначен полномошник што ќе ги штити нејзините интереси во постапката (член 165 од ЗПП). Доколку судот го усвои истакнатото барање, ќе назначи полномошник од редот на адвокатите, а **адвокатските трошоците и наградата ќе бидат надоместени од судскиот буџет** (член 166 од ЗПП). Видно од овие одредби што предвидуваат бесплатно застапување сиромашна странка (сиромашно право), услов за добивање бесплатна правна помош е странката да докаже дека имотната состојба ќеи биде сериозно влошена доколку биде задолжена на трошоци во постапката. Овие одредби од ЗПП целосно се применливи и во рамките на **вонпарничната постапка.**

**Законот за општа управна постапка** (во понатамошниот текст ЗОУП) ја уредува постапката што се води пред министерствата, органите на државната управа, правните и физичките лица на кои им се доделени јавни овластувања и пред органите на локалната самоуправа. Исто како и во парничната постапка, за преземање дејства во управната постапка не е задолжително застапување од адвокат. Напротив, Законот дава можност дејствата да се преземат преку полномошник, кој може да биде адвокат или друго физичко лице што има процесна способност (чл. 35 ст. 1). Во својот член 68, ЗОУП зборува за распределба на трошоците и предвидува можност органот што ја води постапката да ја ослободи странката од поднесувањето трошоци, целосно или делумно, ако тие сериозно ја доведуваат во прашање нејзината имотна состојба (член 68 став 8). Но, во наведениот член, адвокатските трошоци не се наведуваат експлицитно, како што децидно се наведени трошоците за вештаци, сведоци, патни трошоци. Истиот овој член остава простор и за ослободување од други трошоци што не се таксативно наведени во листата (каде што би влегле и адвокатските трошоци), но самата недореченост на законот остава можност за слободно толкување од страна на органите што го применуваат законот.

**Законот за управни спорови** (во понатамошниот текст ЗУС) не содржи посебни одредби за застапување на странката во постапките што се водат пред Управниот и пред Вишиот управен суд, но со одредбата 7-а се наведува дека одредбите од ЗПП се применливи доколку не постојат одредби за определени прашања во овој закон. Оваа одредба подразбира дека странката во овие постапки не е задолжена да биде застапувана од страна на адвокат, односно дека странката избира дали сама ќе ги застапува своите интереси или тоа ќе го стори преку адвокат. Во овој закон, со одредбата 7-б, законодавецот наведува дека самата странка ги поднесува трошоците што ги презела со своите дејства, што подразбира дека трошоците за адвокатско застапување паѓаат на нејзин товар и не постои можност за нејзино ослободување од овие трошоци. Нејасно е дали, и покрај постоењето на одредбата 7-б во ЗУС, странката може да се повика на ЗПП, кој предвидува можност на странката во одредени случаи даи биде доделен бесплатен адвокат чиј трошок ќе падне на товар на судскиот буџет.

Со носењето на новиот **Законот за нотаријат** (во понатамошниот текст ЗН) во 2016 година, кој започна со примена на 1 јануари 2017 година, за разлика од претходно наведените закони, предвидено е задолжително застапување на интересите на странката од страна на адвокат во точно определени постапки. Па така, во случај кога одредена приватна исправа треба да се потврди од страна на нотар за таа да добие форма на јавна исправа (солемнизација), исправата треба да биде составена од адвокат и да содржи адвокатски печат, доколку вредноста на правната работа е над 10.000 евра во денарска противвредност. Оваа обврска не се однесува на правни работи што ја надминуваат вредноста над 10.000 евра, доколку една од странките е банка, штедилница, финансиско друштво, давател на финансиски лизинг или осигурително друштво. Доколку не постојат законските исклучоци, а исправата не е составена од адвокат, нема да бидат исполнети законските услови за потврдување на приватната исправа (солемнизација) од страна на нотарот.

Истиот услов е предвиден и кај договорите за продажба и кај преддоговорите за продажба, со кои сопственоста преминува од едно на друго лице, а чија вредност надминува над 10.000 евра во денарска противвредност. Правните акти задолжително треба да бидат составени од страна на адвокат и да содржат адвокатски печат, во спротивен случај, нотарските исправи нема да добијат форма на јавна исправа.

Предлог за изготвување решение за нотарски платен налог поднесува странка преку адвокат (член 68, став 2), освен во точно определени исклучоци што ги наведуваат ставот 3 и ставот 4 на овој член од ЗН. Законот предвидува обврска за надоместување на нотарските, но и на адвокатските трошоци во постапката за издавање решение за нотарски платен налог, согласно важечката тарифа (член 75), за што странката е задолжена да достави доказ за извршено плаќање.

Задолжителното присуство на адвокат согласно овој закон е предвидено и во постапките за расправање на оставина (член 147 став 2). Наградата за адвокатот во оставинските постапки е предвидена со член 153 став 6 и таа е во висина од 50% од наградата и трошоците предвидени за нотарот.

Во ЗН не е предвидена можност за ослободување од плаќање на адвокатските трошоци во случаи кога се исполнети законски услови за тоа (сиромашно право или услов за определување бесплатна правна помош). Напротив, предвидено е дека нотарот нема да издаде нотарска исправа или решение доколку претходно странката ги нема платено трошоците за нотар и за адвокат. Во поглед на ослободувањето од нотарски трошоци, Законот за нотаријат предвидува можност странката да добие ослободување, доколку ги исполнува условите што се предвидени во ЗПП. Предуслов за ослободување од таксата, наградата и трошоците за постапување на нотарот е поднесување барање до Нотарската комора, која е надлежна да донесе одлука за ослободување од нотарските трошоци за сиромашната странка (член 37 од ЗН). Во ваков случај, трошоците паѓаат на товар на Нотарската комора на Република Македонија.

Со Законот за нотаријат, истовремено беше донесен и нов **Закон за извршување** (во понатамошниот текст ЗИ), кој започна со примена на 1 јануари 2017 година, закон што исто така предвидува задолжително присуство на адвокат во постапката за извршување. Имено, барањето за извршување извршна исправа, чија вредност на главното побарување е над 10.000 евра, задолжително мора да биде составено од адвокат и да содржи адвокатски печат (член 28 став 1). Оваа обврска не се предвидува кога како доверител, во вакви случаи, се јавува Република Македонија, банка, штедилница, финансиско друштво, давател на финансиски лизинг или друштво за осигурување како правно лице. Доколку барањето за извршување (освен кога станува збор за законски предвидени исклучоци) не биде составено и заверено од страна на адвокат, тоа претставува услов за поднесување приговор за незаконитост при извршувањето до Основниот суд, на чие подрачје се спроведува извршувањето.

**Законот за кривичната постапка** (во понатамошниот текст ЗКП) предвидува задолжителна одбрана и можност за ослободување сиромашна странка од плаќање адвокатски трошоци. Кога се води кривична постапка, задолжителна одбрана е предвидена пред судовите, но и пред јавното обвинителство. Во јавното обвинителство, обвинетиот мора да има ангажирано адвокат кога е во тек постапка за преговарање и спогодување со обвинителот за признавање вина.

Задолжително ангажирање адвокат е предвидено за лица против кои се води кривична постапка, а кои се неми, глуви или неспособни сами успешно да се бранат, но и кога е запретена казна доживотен затвор. Во случај кога се определува притвор, обвинетиот мора да има адвокат, а задолжително мора да има адвокат и кога е доставен обвинителен акт против лице што е обвинето за кривично дело, за кое е пропишана казна од десет години или потешка казна. Доколку на обвинето лице му се суди во отсуство, потребно е да има адвокат (бранител) што ќе ги штити неговите интереси. Во конкретниот случај, адвокатот го назначува Претседателот на судот од листата адвокати на соодветната адвокатска заедница (член 74).

Доколку во сите законски наведени случаи, кога е предвидено обвинетиот да има адвокат, обвинетиот сам не го стори тоа, Претседателот на судот ќе донесе решение за поставување адвокат (бранител) по службена должност.

ЗКП предвидува и одбрана за сиромашни во оние случаи кога не постојат услови за задолжителна одбрана. Обвинетиот има право да упати барање до судот да му биде назначен адвокат што ќе биде на трошок на државниот буџет, доколку имотната состојба сериозно би му се нарушила поради трошоците за одбрана. Судот оценува дали постојат услови за доделување одбрана за сиромашни, но предвид ги зема тежината на кривичното дело и сложеноста на случајот. Доколку биде определен адвокат, во ваков случај, трошоците се на товар на Буџетот на Република Македонија (член 75). Оваа одредба од ЗКП предвидува два дополнителни критериуми надвор од ЗБПП (кој се применува во конкретниот случај), а тоа е судот да оцени дали станува збор за тешко кривично дело и дали случајот е тежок. Истовремено, од оваа одредба произлегува нејасност до кого се адресира барањето за бесплатен адвокат, дали тоа е судот, како што предвидува член 75 од ЗКП или, пак, тоа е Министерството за правда, како што предвидува ЗБПП. Потребно е оваа одредба да претрпи измени, односно да биде наведено дека постапката за доделување бесплатен адвокат ќе се води согласно ЗБПП.

**Законот за правда за децата** (во понатамошниот текст ЗПД) предвидува задолжително присуство на адвокат во кривична постапка против дете во ризик до 14-годишна возраст за сторено кривично дело за кое е запретена казна затвор во траење од најмалку пет години. Оваа иста обврска е предвидена и кога постои загрозување на личноста, правата и интересите на детето, па токму затоа неопходно е учеството на адвокатот со цел да ги заштити правата и интересите на детето. Задолжително присуство на адвокат е предвидено со овој закон и кога од страна на јавен обвинител се предлагаат мерки против дете во ризик над 14-годишна возраст за кривично дело за кое е запретена казна затвор до три години. Центарот за социјални работи, орган што учествува во оваа постапка, треба да издаде мислење дека во конкретниот случај постои загрозување на личноста, правата и интересите на детето. Ваквиот вид мислење се издава кога при водењето на постапката во стручниот тим на Центарот за социјални работи не учествува правник.

Во овие случаи, адвокатот може да биде избран од самите родители/старатели на детето. Доколку тие не го сторат тоа поради нивната имотна состојба, која не им дозволува да платат адвокат, ќе им биде доделен бесплатен адвокат од листата регистрирани адвокати при Министерството за правда. Адвокатските трошоци ќе им бидат надоместени согласно ЗБПП (член 25).

Задолжителна одбрана на дете што се гони кривично е предвидена во сите фази на судската постапка. Кога родителите/старателите не се во состојба да платат адвокат, судот ќе назначи адвокат од листата адвокати (бранители) по службена должност, а трошокот ќе падне на товар на судскиот буџет. За разлика од кривичната постапка, пак, во рамките на прекршочната постапка судот одлучува, од случај до случај, дали е потребно назначување адвокат. Доколку судот смета дека е неопходно интересите на детето да бидат заштитени и во прекршочната постапка, ќе назначи адвокат по службена должност, кој, исто како и за кривичната постапка, ќе биде платен од страна на судскиот буџет (член 90).

Кога јавниот обвинител врши сослушување на детето или кога јавниот обвинител планира да започне подготвителна постапка предвидена со ЗПД, тогаш присуството на адвокат е задолжително. Адвокатот може да биде назначен од страна на родителот/старателот или, пак, доколку тие не се во можност да го платат, ќе биде назначен од АКРП, а трошоците ќе бидат надоместени од Буџетот на Република Македонија. Истиот услов се предвидува и за постапка што се води во Министерството за внатрешни работи (полициски станици), кога се повикува дете за кое постои основано сомнение дека сторило кривично дело (член 116). Адвокатските трошоци во овие случаи се наплаќаат согласно ЗБПП и согласно условите предвидени во овој закон.

## 1.3 Државно финансираната бесплатна правна помош

Од анализата на законските текстови во кои се предвидува можност адвокатот да даде услуга без надоместок, бесплатната правна помош може да се подели во две групи, и тоа: бесплатна правна помош што паѓа на товар на Судскиот буџет и бесплатна правна помош што паѓа на товар на Буџетот на Република Македонија.

1. **Бесплатна правна помош што паѓа на товар на Судскиот буџет.** Барањата за ослободување од плаќање судски такси, судски трошоци, а особено трошоци за адвокат при постоење услови за задолжителна одбрана, се доставуваат до надлежниот суд што треба да постапува. Судот одлучува дали се исполнети законските услови за ослободување од овој вид трошоци. Ваквиот вид помош го предвидува ЗКП, и тоа во случај на задолжителна одбрана на обвинето лице од страна на адвокат. ЗПП и Законот за вонпарнична постапка предвидуваат можност адвокатските трошоци да бидат платени од Судскиот буџет кога странката е ослободена од плаќање судски такси, а ЗПД предвидува ваква можност кога е земена предвид задолжителна одбрана на дете пред суд.

2. **Бесплатна правна помош што паѓа на товар на Буџетот на Република Македонија.** Овој вид бесплатна правна помош се обезбедува преку ЗБПП, односно со исполнување на законските критериуми, доставување барање до Министерството за правда и со издавање решение за одобрување на помошта. ЗКП предвидува одбрана за сиромашни, односно надоместување на трошоците за адвокат од Буџетот на државата кога странката ќе докаже дека адвокатските трошоци ќе ја загрозат нејзината имотна состојба, а кога поради тежината на кривичното дело и сложеноста на случајот е неопходно странката да биде застапувана од страна на адвокат. ЗПД го предвидува овој вид помош, и тоа во постапките што се водат против деца осомничени за сторено кривично дело пред Министерството за внатрешни работи, центрите за социјални работи и јавните обвинителства. ЗБПП наведува дека бесплатно адвокатско застапување може да биде обезбедено и во управните постапки, кои се водат согласно ЗОУП и ЗУС, и покрај тоа што овие два закони не содржат посебни одредби за бесплатно застапување (сиромашно право), ниту, пак, се усогласени со ЗБПП.

Бесплатна правна помош не е предвидена во постапките пред нотарите и извршителите, додека, пак, **ЗН** предвидува можност за ослободување од нотарските награди и трошоци за сиромашни странки по претходно упатено барање до Нотарската комора на Република Македонија.

## 1.4 Фискалните импликации за адвокатите што обезбедуваат про боно услуги

Сите закони од даночната сфера, кои се применливи за работењето на адвокатите, **не предвидуваат даночни ослободувања за адвокати што би сакале да даваат про боно услуги,** ниту, пак, можности овие услуги да се третираат како вид на расходи или да бидат основ за даночно ослободување. За секоја услуга, која адвокатот ќеи ја даде на странка, мора да подготви фактура или, пак, да издаде фискална сметка.

Па така, со З**аконот за регистрирање готовински плаќања**, адвокатот е должен да има фискален апарат и да издава фискална сметка за секое готовинско плаќање. Овој закон предвидува исклучоци кога не постои обврска за користење фискален систем, но во нив не може да се најде основ за давање бесплатни правни услуги од адвокат (член 9).

Адвокатите поединци се обврзани да плаќаат персонален данок на доход на годишно ниво, а оние адвокати чиј промет надминал 1.000.000 денари на годишно ниво се обврзани да бидат регистрирани како даночни обврзници (ДДВ – данок на додадена вредност). Со **Законот за персонален данок на доход** не се предвидени даночни ослободувања за адвокати што би им обезбедиле про боно услуги на одредени лица.

Адвокатските друштва регистрирани согласно ЗА и Законот за трговски друштва може да бидат оданочени со данокот на добивка, доколку во една календарска година оствариле приходи што надминуваат 3.000.000 денари. Овој данок е регулиран во  кој е интересен бидејќи предвидува намалување на пресметаниот данок во случај кога се дадени донации од правно лице (даночен обврзник), и тоа во областа спорт или донации за спортски активности (член 30-а и 30-б). За да се добие намалување на пресметаниот данок, правното лице мора да добило потврда од Агенцијата за млади и спорт. Велиме дека овој модел е интересен затоа што тој може да се модифицира и да се преслика и во случаите кога адвокатите сакаат да даваат услуги без надоместок. На своевиден начин, про боно адвокатските услуги претставуваат еден вид донација изразена во давање бесплатна правна услуга.

Доколку би постоеле даночни ослободувања/олеснувања, предвидени во даночната регулатива, адвокатите би се стимулирале да обезбедуваат бесплатна правна помош.

Но, досегашната даночна регулатива не дава можност за развивање на овој концепт, а истата забелешка се однесува и на ЗА. Без промени на овие закони, секој адвокат што сака да обезбеди про боно услуга ризикува да биде прекршочно казнет од страна на Управата за јавни приходи поради непочитување на даночната регулатива.

Законот за данокот на добивка, кој регулира одредени даночни повластувања во случај на донации (во областа на спортот и спортските активности), дава добар пример што може дополнително да биде развиен за про боно адвокатските услуги. Може да се размислува и во насока адвокатските услуги без надоместок да бидат третирани како признаени расходи, но по претходно спроведена постапка и по претходно дадено одобрение од страна на АКРМ или од страна на друг надлежен орган каде што би се регистрирале ваквиот вид случаи.

Во секој случај, при развивањето и спроведувањето модели за давање про боно адвокатски услуги (надвор од оние предвидени со ЗБПП и при задолжителната одбрана во одредени постапки), централна улога треба да има АКРМ. Неопходно е целосно усогласување на сите законски текстови во кои се предвидува можноста за бесплатна правна помош (без оглед дали трошокот паѓа на товар на судскиот или на државниот буџет), како и преземање позитивни компаративни искуства при обезбедувањето про боно адвокатски услуги и при пресликувањето на најповолниот концепт во домашното законодавство, од кои крајна корист ќе имаат странките.

# Дел 2: Обезбедување про боно правна помош во РМ

Овој дел од извештајот дава одговор на прашањето дали и во колкава мера адвокатите во РМ обезбедуваат про боно правна помош. МЗМП, во соработка со Центарот за истражување и креирање политики (ЦРПМ), спроведе онлајн истражување, веб-анкета со користење платформа за истражување на јавното мислење. Испитаници беа активните адвокати запишани во Именикот на адвокати при АКРМ. Прашалникот содржеше прашања што се однесуваат на про боно правната помош обезбедена од испитаниците, факторите и мотивите што позитивно или негативно влијаат врз обезбедувањето правна помош, како и видовите правни прашања за кои е обезбедена правна помош од страна на адвокатите. Адвокатите беа исконтактирани со праќање информативна електронска порака што го вклучуваше примерокот од прашалникот за учество во истражувањето. Адресите на е-пошта на адвокатите во Република Македонија се јавно достапни. Учеството во истражувањето беше анонимно.

## *2.1 Демографски карактеристики на примерокот*

Прашалникот беше пополнет од страна на 115 адвокати (испитаници). Според **половата структура**, 65 испитаници се мажи, додека, пак, 50 испитаници се жени. Во однос на **возраста**, најголем дел од испитаниците се на возраст од 25 до 34 години (69 испитаници). 34 испитаници се на возраст од 35 до 44 години, додека, пак, учество во истражувањето зеле 10 испитаници на возраст од 45 до 54 години. Повозрасните адвокати се помалку застапени, односно прашалникот го пополниле само 2 испитаници на возраст од 55 до 64 години, додека, пак, не учествувало ниту едно лице над 64-годишна возраст. Помалото учество на адвокати над 55-годишна возраст во примерокот може да се припише на недоволната подготвеност за пополнување прашалници за веб-анкета.

Според **местото на живеење**, очекувано, најзастапени се адвокатите од главниот град Скопје (59 испитаници). Потоа следува Битола, со 15 испитаници. Во другите градови, согласно нивната големина и бројот на жители, процентуалната застапеност е помала. Во Охрид, прашалникот го пополниле петмина адвокати. Во Велес, Тетово, Куманово и во Струмица, прашалникот го пополниле четворица адвокати. Во Штип и во Прилеп по тројца адвокати, додека, пак, во Кавадарци, Делчево, Кочани и во Богданци, прашалникот го пополниле по двајца адвокати. По еден адвокат учествувал во истражувањето од градовите: Ресен, Гостивар, Гевгелија, Струга, Пробиштип и Македонска Каменица.

Од испитаниците, 92 (4/5) работат како **адвокати поединци**, додека, пак, 23 (1/5) испитаници се дел од **адвокатско друштво**. Поголемиот дел, или 63 од испитаниците, немаат ангажирано адвокатски соработник и/или приправник. 39 испитаници имаат ангажирано адвокатски приправник, додека, пак, 30 испитаници дополнително ангажирале адвокатски соработник.

Просечниот број ангажирани адвокатски соработници е 1,7 адвокатски соработник по канцеларија, додека, пак, две адвокатски канцеларии имаат ангажирано по 8 и 10 соработници. Просечниот број од добиените одговори на дополнително ангажирани адвокатски приправници е 1,2 по канцеларија, додека, пак, една адвокатска канцеларија има ангажирано 6 приправници.

Поголемиот дел од анкетираните адвокати работат во граѓанско-правната област (58 испитаници), а, исто така, голем дел од адвокатите одговориле дека претежно ги работат сите видови правни работи (52 испитаници). Во деловно-правната област и во правниот консалтинг работат 37 испитаници, додека, пак, во кривичноправната област работат само 6 испитаници.

## 2.2 Наоди од спроведеното истражување

### 2.2.1 Распространетост на про боно правната помош

Повеќе од ¾ од испитаниците, или вкупно 90 адвокати, одговорија дека имаат обезбедено про боно правна помош во 2017 година.

Графикон 1: Проценти на адвокати што имаат обезбедено про боно правна помош во 2017 година




Најголем дел од испитаниците (76%) што обезбедиле про боно услуги во 2017 година обезбедиле услуги на 1 до 5 лица. 11 испитаници обезбедиле помош на повеќе од 10 лица, додека, пак, исто толкав број испитаници обезбедиле про боно правна помош на 6 до 10 лица.

Графикон 2: Преглед на бројот на странки на кои им е обезбедена про боно правна помош во 2017 година




Испитаниците направија процена за тоа колку работни часови им беа потреби за обезбедување про боно услуги во 2017 година, па така, 28 испитаници одговориле дека им биле потребни од 6 до 10 часа. Помеѓу 21 до 30 часа во текот на минатата година работеле 9 испитаници, додека, пак, 10 испитаници одговориле дека им биле потребни 5 или помалку работни часа. На 7 испитаници им биле потребни од 11 до 20 часа, 4 испитаници одговориле дека им биле потребни 31 до 40 часа, а на исто толкав број испитаници им биле потребни од 41 до 50 работни часа. 7 испитаници процениле дека им биле потребни повеќе од 90 работи часа, додека, пак, 23 испитаници не можат да проценат колку часови од работното време посветиле на обезбедувањето про боно услуги.

Графикон 3: Преглед на бројот на работни часови во кои испитаниците обезбедиле про боно правна помош




30 испитаници процениле дека, споредбено со 2016 година, во текот на 2017 година посветиле повеќе работни часови во обезбедувањето про боно услуги на правна помош. 19 испитаници одговориле дека ист број часови обезбедиле и во 2017 година, додека, пак, 8 испитаници обезбедиле помалку работни часови во текот на минатата година. 34 испитаници не можеле да проценат дали обезбедиле повеќе или помалку работни часови во обезбедувањето про боно услуги на правна помош.

Графикон 4: Споредба на бројот на работни часови посветени на про боно правна помош во 2017 и 2016 година



## 2.2.2 Видови правни прашања и категории лица на кои им е обезбедена про боно правна помош

Адвокатските канцеларии и друштва обезбедиле правна помош во сите наведени правни области во прашалникот. 43 испитаници одговориле дека обезбедиле правна помош при развод на брак, поделба на имот меѓу брачни другари, определување издршка и други семејно правни односи. 34 испитаници обезбедиле правна помош за социјална и здравствена заштита, додека, пак, 33 испитаници во областа на работните односи. 32 испитаници обезбедиле про боно правна помош во областа на сопственичките спорови, додека, пак, 29 испитаници одговориле дека обезбедиле услуги во областа на должничко-доверителските односи. 27 испитаници одговориле дека обезбедиле правна помош за заштита на жртви од семејно насилство, додека, пак, 22 испитаници одговориле дека застапувале лице во одбрана во прекршочна постапка. 19 испитаници обезбедиле про боно правна помош при денационализација, приватизација на државно земјиште и легализација на бесправно изградени објекти, додека, пак, 17 испитаници обезбедиле про боно правна помош при одбрана на лице во кривична постапка. Во областа на заштитата на потрошувачите, правна помош обезбедиле 9 испитаници, додека, пак, само 6 од нив работеле во областа на заштитата од дискриминација.

Графикон 5: Правни области во кои е обезбедена про боно правна помош во 2017 година




На прашањето на кои категории лица им била обезбедена правна помош, 67 испитаници одговориле дека тоа биле лица што живеат во сиромаштија, а 62 испитаници одговориле дека тоа биле жени. 38 испитаници обезбедиле про боно правна помош на лица од ромска етничка припадност, додека, пак, 16 одговориле дека работеле со НВО што ги штитат правата на сите горенаведени категории. Од страна на 17 испитаници била обезбедена про боно правна помош за деца, од страна на 12 испитаници била обезбедена про боно правна помош за лица со попреченост, додека, пак, 7 испитаници одговориле дека тоа го направиле за лица што злоупотребуваат дроги и алкохол. Само 2 испитаници одговориле дека обезбедиле про боно правна помош за лица од ЛГБТИ-заедницата.

Графикон 6: Категории лица на кои им била обезбедена про боно правна помош во 2017 година




## 2.2.3 Фактори што влијаат врз обезбедувањето про боно услуги

Од испитаниците беше побарано да ги рангираат причините зошто не прифатиле да обезбедат про боно правна помош. Рангирањето беше извршено со оценување од 1 до 7, каде што 1 е за најважните причини, а 7 за најмалку важните причини. 51 испитаник смета дека **недостигот на време** е најважната причина зошто не прифатиле да обезбедат про боно правна помош. 31 испитаник наведува дека постојат други причини. Според рангирањето на испитаниците, најмалку важни причини се: „предметот не ми беше интересен“, „мојата лична ситуација се промени“ и „конфликт со клиентот“.

Графикон 7: Причини поради кои не се обезбедени про боно услуги




Со истиот начин на оценување (од 1 до 8), испитаниците ги рангираа причините поради кои не обезбедуваат, односно им е отежнато обезбедувањето про боно правна помош. Со највисока оцена 1, од страна на 46 испитаници, како најважна причина се наведува недостигот на време, а, исто така, според испитаниците, една од најважните причини, каде што 34 испитаници дале оцена 1, е поради тоа што сметаат дека државата има обврска да ги покрие трошоците за правна помош на сиромашните граѓани. Испитаниците сметаат дека како најмалку важни причини се обесхрабрувањето од страна на претпоставениот, како и незаинтересираноста на адвокатот.

Графикон 8: Фактори што негативно влијаат врз обезбедувањето про боно услуги




Испитаниците ги означија причините поради кои сметаат дека обезбедувањето про боно правна помош претставува позитивна практика. 97 испитаници ја наведуваат професионалната обврска даи се помогне на заедницата, 67 испитаници велат дека се чувствуваат добро кога обезбедуваат про боно услуги, 41 испитаник смета дека обезбедувањето про боно правна помош дава признание во заедницата дека си добар/добра, а 40 испитаници сметаат дека ова претставува можност да изградат мрежа со невладини и со хуманитарни организации. Како дополнителни одговори се наведени две причини: „на никој не треба да му биде ускратено правото на квалитетна помош", како и „се отвора можност за остварување на правата на лицата што немаат пари да ги остварат".

Графикон 9: Фактори што позитивно влијаат врз обезбедувањето про боно услуги



## 2.2.4 *Институционализираност на про боно услугите во рамките на адвокатските канцеларии*

Во однос на прашањето дали обезбедувањето про боно правна помош се заснова врз одредени внатрешни правила и процедури, најголемиот дел од испитаниците (56 испитаници) одговориле дека имаат воспоставено политика и правила за обезбедување про боно правна помош заснована врз **непишани правила.** 33 испитаници одговориле дека немаат воспоставено никакви политика и правила за обезбедување про боно правна помош, додека, пак, само 4 испитаници одговориле дека про боно правната помош се заснова врз пишани политика и правила. 84 испитаници одговориле дека не водат посебна евиденција на обезбедените случаи на про боно правна помош, додека, пак, тоа го прават само 6 испитаници.

Графикон 10: Дали адвокатската канцеларија има пишани политика и правила за обезбедување про боно услуги?




98 испитаници сметаат дека има потреба од организација што би ги поврзувала лицата на кои им е потреба про боно правна помош и адвокатите што се спремни да ја обезбедат таа правна помош. 17 испитаници сметаат дека не е потребна таква организација.

## 2.3 Заклучоци

78% од адвокатите што беа дел од истражувањето обезбедуваат про боно услуги и претежно ги работат сите видови правни работи. Адвокатите најмногу време посветиле на обезбедувањето усни правни совети и во 2017 година, 78% од адвокатите обезбедиле про боно правна помош во најмалку еден случај. Бесплатната правна помош најчесто не се заснова врз воспоставена политика, туку врз неформални правила. Најголемиот дел од адвокатите (92%) сметаат дека граѓаните не се информирани дека одредени адвокати би обезбедиле бесплатна правна помош, а 86% сметаат дека лицата што имаат потреба од бесплатна правна помош не се информирани дека нивната канцеларија обезбедува про боно услуги. 90% од адвокатите оставаат простор повторно да бидат исконтактирани доколку не биле во можност да обезбедат про боно правна помош кога било побарано.

Недостигот на сопствен систем на проверка со кој адвокатите можат да утврдат дали лицата ги исполнуваат условите за обезбедување про боно правна помош може да претставува тешкотија. Недостигот на време што би го посветиле на овие случаи е највисоко рангираната причина од страна на адвокатите на прашањето зошто не прифатиле да обезбедат про боно правна помош. Во најголем дел, адвокатите се подготвени да обезбедат про боно услуги за лицата на кои тоа им се потребни, дури и сметаат дека обезбедувањето бесплатна правна помош треба да биде задолжително, иако за одредени адвокати овие случаи можат да бидат скапи и долготрајни, додека, пак, дел од нив сметаат дека државата има обврска да ги покрие трошоците за правна помош на маргинализираните лица.

Постапката може да биде олеснета преку формирање организација (тело) што би ги поврзувала лицата на кои им е потребна правна помош и адвокатите што се во можност да ја обезбедат таа помош. Понатаму, според мислењето на адвокатите, во градењето одредена култура на обезбедување про боно правна помош од корист би била продлабочена соработка на адвокатите со правните факултети преку стажирање на студентите што ќе помагаат во овие случаи. 70% од адвокатите што беа дел од онлајн истражувањето сметаат дека обезбедувањето про боно услуги треба да биде задолжително, а 61% сметаат дека адвокатите во Р. Македонија имаат доволно ресурси и можности за задолжително обезбедување про боно правна помош.

# Дел 3: Фактори што влијаат врз обезбедувањето про боно услуги

Овој дел од Извештајот ги идентификува и опишува факторите што влијаат врз обезбедувањето про боно правна помош од страна на адвокатите во РМ. Извештајот ги идентификува факторите што поттикнуваат, т.е. мотивираат за обезбедувањето про боно услуги, но и оние што обесхрабруваат или го намалуваат интересот за обезбедување на овој вид услуги. Во овој дел се анализираат и можните активности за зголемување на интересот за обезбедување про боно услуги.

Појдовна точка во идентификувањето на факторите беше анкетата чии наоди се презентирани во претходниот дел од Извештајот. Врз основа на она што беше утврдено од анкетата, спроведени беа четири структурирани фокус-групи со адвокати. Целта на фокус-групите беше да се идентификуваат ставовите и перцепциите на адвокатите во однос на про боно, но и да се анализираат факторите што позитивно или негативно влијаат врз овој вид услуги. На фокус-групите учествуваа приближно 38 адвокати. Подолу се опишани наодите од спроведените фокус-групи.

## *3.1 Фактори што поттикнуваат обезбедување про боно услуги*

Во РМ, следниве фактори ги поттикнуваат, т.е. ги мотивираат адвокатите да обезбедуваат про боно услуги на правна помош:

**Волја за помош на сиромашни и ранливи лица**

Овој фактор беше идентификуван од учесниците на фокус-групите како пресуден кога одлучуваат дали ќе обезбедат про боно правна помош. Волјата за помош произлегува од емпатијата што како индивидуи ја чувствуваат адвокатите за лицата што се наоѓаат во тешка материјална и социјална положба. Овие лица се ранливи, социјално исклучени и честопати правно неуки за да може самостојно да се справат со проблемот од правна природа со кој се соочуваат, а не се во можност да ги сносат трошоците за награда на адвокат. Карактеристично за овој фактор е тоа што честопати адвокатите, покрај про боно услугите од правна помош, поради тоа што комуницираат и се среќаваат со лицето, одлучуваат да обезбедат и друг вид помош (донирање храна, облека, плаќање одредена судска такса од сопствен џеб итн.). Сепак, овој фактор не е присутен еднакво кај секој адвокат затоа што значително зависи од неговите лични особености и карактеристики.

**Професионална одговорност – етичка обврска што произлегува од професијата**

Како втор фактор по значење е доследното почитување на старото етичко начело на адвокатите: никој, поради неможност за плаќање на наградата на адвокатот, да не остане без адвокатска и квалитетна правна помош. За разлика од волјата за помош на сиромашни лица, овој фактор не произлегува од личните особености на адвокатот, туку од потребата да се почитува едно од основните начела на адвокатската професија. Исто така, кога овој фактор е доминантен, кај одреден адвокат може да се забележи поголема објективност кон странката и кон предметот, во споредба со ситуацијата кога доминира потребата од помош на сиромашни лица. Од страна на учесниците беше посочено дека про боно услугите, исто така, придонесуваат за зголемување на угледот на адвокатурата.

**Постигнување општо добро, социјална правда и заштита на јавниот интерес**

Овој фактор е застапен кај адвокати што покрај заштита на правата и интересите на своите странки, имаат и цел со својата адвокатска дејност да влијаат пошироко, кон заштита на јавниот интерес и/или кон постигнување социјална правда. Поттикот да се заштитат човековите права и слободи од системски прекршувања, правилно да се примени одреден закон, да се укаже на масовни злоупотреби се само дел од поривите поради кои одредени адвокати одлучуваат да донираат дел од своето време, знаење, вештини и искуство за заштита на јавниот интерес. Овој фактор доминира во случаи на сериозни повреди на човековите права, т.е. дискриминација, и се реализира преку стратешко застапување (strategic litigation), тестирање случаи, состав и поднесување жалби до Европскиот суд за човекови права, состав на иницијативи за оцена на уставност на закон до Уставниот суд итн.

**Професионален развој на адвокатот**

Овој мотив е присутен кај помлади адвокати што се на почетокот од нивната професионална кариера. Имајќи ја предвид адвокатурата како особено конкурентна дејност, помладите адвокати се соочуваат со предизвик при стекнување на потребното работно искуство, стручност и препознатливост во заедницата. Во вакви околности, про боно случаите даваат можност за стекнување на потребното искуство, но и углед меѓу професионалната заедница. Се разбира, овој фактор е поврзан повеќе со личните побуди на адвокатот, меѓутоа не треба да се занемари како особено значаен при обезбедувањето про боно услуги на правна помош. Овој мотив е присутен и во етаблираните адвокатски канцеларии и друштва како средство за зајакнување на вештините на помладите адвокати, адвокатски соработници и приправници.

**Лична сатисфакција и потреба да се врати на заедницата**

Овој мотив доминира кај адвокатите со поголемо искуство, изграден углед и етаблирани канцеларии. Според мислењето на дел од учесниците во фокус-групите, давањето про боно помош овозможува тие да се чувствуваат подобро затоа што помогнале некому.

## *3.2 Фактори што негативно влијаат врз обезбедувањето про боно услуги*

Како причини што го обесхрабруваат или го отежнуваат обезбедувањето про боно правна помош беа идентификувани:

**Недостиг на време/презафатеност**

Адвокатската дејност е конкурентна. Заштитата на правата и интересите на странките честопати е поврзана со голем број средби и состаноци, правно истражување, состав на разни писмени документи итн. Правната помош во судските постапки е поврзана со почитувањето кратки рокови, но и со временски долгите и понекогаш паралелни или целодневни рочишта (особено во кривичната постапка). Во вакви околности, честопати, на адвокатите речиси им е невозможно да најдат време за работа на про боно предмети. Овој фактор е особено присутен кај адвокатите поединци.

**Недоволно познавање на правната материја за која страните вообичаено имаат потреба од про боно правна помош**

Правните прашања за кои сиромашните лица имаат потреба од правна помош во најголем дел од случаите се поврзани со остварување права од социјална или здравствена заштита, семејни прашања и сопственички односи. На адвокат што работи деловно право, овие правни области му се недоволно познати и дури и да постои волја за давање правна помош, сепак запознавањето со законската рамка ќе му одземе значително време. Овој фактор особено влијае и во однос на правната помош на одредени специфични категории лица. Па така, заштитата на жртвите од семејно насилство или на барателите на азил бара познавање специфична правна материја што ја работат многу мал дел од адвокатите во државата.

**Државно финансирана бесплатна правна помош што се соочува со сериозни проблеми**

Недостатоците во постојните системи за државно финансирана бесплатна правна помош (службена должност; одбрана за сиромашни; бесплатна правна помош; правна помош на деца) негативно влијаат врз подготвеноста/волјата на адвокатите да обезбедуваат про боно правна помош. Доцнењето со исплатата, како и начинот на назначување (во кривичните постапки) се посочени како клучни проблеми. Посочено е исплаќање на адвокатските трошоци под минимумот утврден во Тарифата. Кога ќе се земат предвид овие околности, но и фактот што честопати овие предмети се сложени и одземаат време, на адвокатите не им останува многу време за обезбедување про боно правна помош.

**Отсуство на структура за поврзување сиромашни странки со адвокати што обезбедуваат про боно услуги**

Странките се недоволно информирани за адвокати што може да обезбедуваат про боно услуги, а, од друга страна, и адвокатите што имаат волја не можат секогаш да најдат соодветен предмет за кој би можеле да обезбедат про боно правна помош. Компаративно, овие структури постојат внатре, во рамките на адвокатските комори и заедници или, пак, со користење т.н. посредници (clearing houses), кои функционираат како невладини организации со мисија да ги поврзат странките што имаат потреба од про боно услуги со адвокатите што имаат волја да обезбедат про боно правна помош.

**Нејасната и непрецизна уреденост на обврските на адвокатот во однос на данокот на додадена вредност и данокот на добивка во случаи кога обезбедува про боно правна помош**

Учесниците на фокус-групите во неколку наврати ја спомнаа и неусогласеноста на обврските што ги имаат адвокатите согласно Законот за данокот на додадена вредност и согласно Законот за персонален данок на доход и обезбедувањето про боно правна помош. Неусогласеноста е детално опишана во Дел 1.4 од овој Извештај.

# Заклучоци

- Постојната законска рамка во РМ не содржи одредби што се однесуваат на обезбедувањето про боно правна помош. Од друга страна, пак, актите на АКРМ, како автономни прописи на професијата, не само што го дозволуваат обезбедувањето про боно услуги, туку и го подигнуваат на ниво на професионална должност.

- Про боно правна помош во РМ адвокатите можат да обезбедуваат во следниве случаи:

    - ***На странка, која според законот може да биде ослободена од плаќање трошоци за постапката (сиромашно право)****" адвокатот е должен даи даде бесплатна правна помош (чл. 6 од Тарифата) и*
    - *„Ако е во прашање странка што ги исполнува условите за давање бесплатна правна помош согласно* ***нормативните акти на АКРМ,*** *адвокатот е* ***должен да не бара никакво надоместување*** (точка 8 од Кодексот).

- Законската рамка и актите на АКРМ не предвидуваат можност за т.н. „low bono", односно правни услуги по намалена цена од задолжителниот минимум предвиден со Тарифата. Ваквите дејства може да бидат основ за поведување постапка за утврдување дисциплинска одговорност на адвокатот. Исто така, во РМ не е уредено обезбедување про боно правна помош за правни лица, без оглед дали станува збор за добротворни и хуманитарни организации.

- Сите закони од даночната сфера, кои се применливи за работењето на адвокатите, не **предвидуваат даночни ослободувања за адвокати што би сакале да даваат про боно услуги, ниту, пак, можности овие услуги** да се третираат како вид на расходи или да бидат основ за даночно ослободување. За секоја услуга што адвокатот ќеи ја обезбеди на странката мора да подготви фактура или, пак, да издаде фискална сметка. Ова негативно влијае врз волјата на адвокатите да обезбедуваат про боно услуги.

- 78% од адвокатите што беа дел од истражувањето обезбедиле про боно услуги. Најмногу време адвокатите посветиле на обезбедувањето усни правни совети. Областите за кои најмногу е обезбедена про боно правна помош се: семејните прашања, социјалната заштита и работните односи. Про боно услугите најчесто не се засновани врз изградена политика, туку врз неформални правила. Најголемиот дел од адвокатите, односно 92% сметаат дека граѓаните не се информирани дека одредени адвокати би обезбедиле бесплатна правна помош, а 86% сметаат дека лицата што имаат потреба од бесплатна правна помош не се информирани дека нивната канцеларија обезбедува про боно услуги.

- Фактори што позитивно влијаат врз обезбедувањето про боно услуги се: волјата за помош на сиромашни и ранливи лица, професионалната одговорност, заштитата на јавниот интерес, професионалната надградба, како и личната сатисфакција. Од друга страна, пак, презафатеноста, недоволното познавање на правната материја за која се бара правна помош, нефункционалните системи за државно финансирана правна помош, отсуството на структура за поврзување сиромашни странки со адвокати и нејасните фискални обврски на адвокатите негативно влијаат врз адвокатите.

- Про боно правната помош не треба да ја заменува или да ја намалува обврската на државата да воспостави и да организира ефикасен и ефективен систем на државно финансирана бесплатна правна помош. Обврската на државата да обезбеди право на правна помош во кривични работи произлегува непосредно од Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, додека, пак, обврската за обезбедување правна помош во граѓански работи произлегува од судската практика на Европскиот суд за човекови права.

## Препораки

- Про боно правната помош не треба да биде замена или алтернатива за државно финансираната правна помош во кривични, но и во граѓански и управни работи. Напротив, државата мора да осигури ефикасни и ефективни системи на правна помош финансирана од страна на државата во согласност со членот 6 од Европската конвенција за човекови права, како и во согласност со судската практика на Европскиот суд за човекови права. Про боно правната помош треба да служи како алтернатива таму каде што затајува државно финансираната бесплатна правна помош.

- Промовирање про боно култура во адвокатската професија со организирање тркалезни маси, конференции, промоција на добри примери.

- Правната рамка што го уредува даночното работење на адвокатите треба да го предвиди обезбедувањето адвокатски услуги без награда, како една од професионалните должности на адвокатската професија. Треба да се мотивира обезбедување про боно правна помош со даночни олеснувања.

- Промовирање про боно култура во извршителската и нотарската професија. Како посебни правнички професии пред кои се спроведуваат значителен број постапки, кои директно ги засегаат најсиромашните граѓани, потребно е воспоставување механизми за ослободување од плаќање трошоци за извршување, но и негување на културата на доброволно откажување од награда во случаи кога се работи за лице што не е во состојба да ги поднесе трошоците за овие постапки.

- Воспоставување про боно структури со функција: (1) Да ги поврзат странките што имаат потреба од про боно правна помош со адвокати што сакаат да даваат про боно, и обратно, (2) Да им даваат поддршка на адвокатите при обезбедувањето про боно правна помош (пр. правно истражување, административна поддршка и сл.) и (3) Да го промовираат про боно концептот. Ваквите структури може да се воспостават во рамките на Адвокатската комора на РМ, во рамките на правните клиники, на правните факултети, како и во рамките на граѓанските организации.

- Воспоставување ресурсен центар за про боно правна помош што ќе содржи материјали и упатства за воспоставување про боно програми во рамките на адвокатските канцеларии и адвокатските друштва, со обрасци за про боно политики, обрасци за документирање на обезбедената правна помош, како и со позитивни компаративни примери.

- Поврзување на адвокатите со граѓанските организации што обезбедуваат услуги на сиромашни и социјално ранливи категории лица. Граѓанските организации имаат пристап до овие лица, кои честопати се обраќаат до организациите за правна помош што тие не се во можност да им ја обезбедат.

- Документирање, препознавање и вреднување на про боно работата (пр. при пријава за упис во Академија за судии и јавни обвинители).

# Анекс 1: Користена литература

**Литература:**
Khadar L. The Growth of Pro Bono in Europe – Using Power of Law for the Public Interest. PILnet & DLA Piper. November 2016
American Bar Association. Model Rules of Professional Conduct. 1983
Multi-Donor Trust Fund for Justice Sector Support in Serbia. Comparative Analysis of Bar Associations and Law Societies in Select European Jurisdictions. World Bank, Januari 2017
Latham & Watkinns LLP. A Survey of Pro Bono Practices and Opportunities in 84 Jurisdictions. Pro bono Institute, March 2016
DeBroff S. Pro Bono Guide - An Introduction to Pro Bono Opportunities in the Law Firm Setting. Harvard Law School
American Bar Association. Supporting Justice – A fourth report on the Pro Bono Work of America's Lawyers. April 2018
Canadian Bar Association "Tension at the Border": Pro Bono and Legal Aid - A Consultation Document. Standing Committee on Access to Justice. October 2012
Cummings, Scott L. The politics of pro bono. UCLA Public Law & Legal Theory Series. October 2004

**Прописи:**

Устав на РМ
Закон за адвокатурата, Службен весник на РМ бр. 59/2002, 10/2003, 34/2003, 60/2006, 29/2007, 8/2008, 106/2008, 20/2009, 117/2009, 135/2011, 113/2012, 148/2015

Статут на Адвокатската комора на Република Македонија, Службен весник на РМ бр. 169/2011, 169/2011, 68/2012, 76/2013, 189/2014, 113/2016

Тарифа за награда и надоместок на трошоците за работата на адвокатите, Службен весник на РМ бр. 4/1994, 80/2002, 14/2005, 20/2005, 22/2008, 153/2008, 147/2009, 152/2009, 164/2010, 164/2010, 35/2011, 51/2012, 111/2015, 122/2016, 126/2016, 11/2017, 13/2017

Кодекс за професионалната етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници на Адвокатската комора на Република Македонија

Правилник за дисциплинска одговорност на Адвокатската комора на Република Македонија Закон за парнична постапка, Службен весник на РМ бр. 79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010, 124/2015

Закон за општата управна постапка, Службен весник на РМ бр. 124/2015, 65/2018

Закон за управните спорови, Службен весник на РМ бр. 62/2006, 27/2008, 117/2009, 150/2010, 171/2010

Закон за кривичната постапка, Службен весник на РМ бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016, 193/2016 Закон за правда за децата, Службен весник на РМ бр. 148/2013 Закон за бесплатна правна помош, Службен весник на РМ бр. 161/2009, 185/2011, 27/2014, 104/2015

Закон за данокот на додадена вредност, Службен весник на РМ бр. 44/1999, 59/1999, 86/1999, 11/2000, 93/2000, 8/2001, 21/2003, 17/2004, 19/2004, 33/2006, 45/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/2010, 102/2010, 24/2011, 135/2011, 135/2011, 155/2012, 12/2014, 112/2014, 130/2014, 15/2015, 129/2015, 129/2015, 225/2015, 23/2016, 189/2016

Закон за персоналниот данок на доход, Службен весник на РМ бр. 80/1993, 3/1994, 70/1994, 31/1996, 40/1996, 71/1996, 28/1997, 2/1999, 8/2001, 50/2001, 52/2001, 2/2002, 44/2002, 96/2004, 120/2005, 52/2006, 139/2006, 6/2007, 160/2007, 159/2008, 20/2009, 139/2009, 171/2010, 135/2011, 166/2012, 187/2013, 13/2014, 116/2015, 129/2015, 129/2015, 199/2015, 23/2016, 190/2017

# Анекс 2: Прашалник за истражување на распространетоста на про боно правната помош во РМ

**Податоци за испитаникот/испитаничката**

1. Пол
   - ○ Машки
   - ○ Женски
   - ○ Не сакам да одговорам

2. Возраст

3. Место на живеење

**Податоци за адвокатската дејност**

4. Форма на вршење адвокатска дејност:
   - ○ Адвокат поединец (ве молиме продолжете на прашање бр. 5 и на прашање бр. 10)
   - ○ Адвокатско друштво

5. Дали во вашата канцеларија имате дополнително ангажирано (можете да изберете повеќе од еден одговор):
   - ☐ Адвокатски соработник
   - ☐ Адвокатски приправник
   - ☐ Во канцеларијата немаме дополнително ангажирано адвокатски соработник/приправник (продолжете на прашање бр. 10)

6. Број на адвокатски соработници што ги имате ангажирано:

7. Број на адвокатски приправници што ги имате ангажирано:

8. Која е вашата позиција во рамките на адвокатското друштво?
   - ○ Адвокати основачи
   - ○ Адвокати вработени
   - ○ Адвокатски соработници
   - ○ Адвокатски приправници

9. Наведете податоци за бројот и структурата во вашето адвокатско друштво (наведете го бројот):

   Адвокати основачи
   Адвокати вработени
   Адвокатски соработници
   Адвокатски приправници

10. Податоци за видот на правните работи на кои претежно работи адвокатот/друштвото:
    - ☐ Претежно работи во кривичноправна област
    - ☐ Претежно работи во граѓанско-правна област
    - ☐ Претежно работи во деловно-правна област и правен консалтинг
    - ☐ Претежно ги работи сите видови правни работи

11. Дали давате про боно адвокатски услуги?
    - ○ Да
    - ○ Не (ве молиме продолжете на прашање бр. 13)

12. Дали вашата канцеларија/друштво има воспоставено политика и правила за обезбедување про боно правна помош?

- Да, има пишани политика и правила
- Да, заснована врз неформални правила
- Не
- Обезбедување пробоно услуги на правна помош

13. Дали, според вашето мислење, граѓаните се доволно информирани дека одредени адвокати би понудиле бесплатна правна помош?

- Да
- Не

14. Дали, според вашето мислење, лицата што имаат потреба од про боно правна помош најчесто се информирани и бараат про боно услуга од вашата канцеларија/друштво?

- Да
- Не

15. Колку лица во текот на 2017 година, вам, како адвокат/друштво, ви се обратиле за про боно правна помош?

- 1-5
- 5-10
- Повеќе од 10

16. Дали во 2017 година, вие, како адвокат поединец, т.е. адвокатско друштво, обезбедивте про боно правна помош најмалку во еден случај?

- Да
- Не (ве молиме продолжете на прашањето бр. 25)

17. Во колку случаи/на колку лица им обезбедивте про боно правна помош?

- 1-5
- 6-10
- Повеќе од 10

18. Дали може да процените колку работни часови ви беа потребни за да ги обезбедите про боно услугите на правна помош во 2017 година?

- 5 часа или помалку
- 6-10 часа
- 11-20 часа
- 21-30 часа
- 31-40 часа
- 41-50 часа
- 51-70 часа
- 71-90 часа
- Повеќе од 90 часа
- Не можам да проценам

19. Дали, во споредба со 2016, во 2017 година обезбедивте повеќе или помалку работни часови за обезбедување про боно услуги на правна помош?

- Повеќе
- Помалку
- Исто
- Не можам да проценам

20. Правни области во кои обезбедивте про боно услуги на правна помош:

- ☐ Одбрана во кривична постапка
- ☐ Застапување оштетен во кривична постапка
- ☐ Одбрана во прекршочна постапка
- ☐ Развод на брак, поделба на имот меѓу брачни другари, определување издршка и други семејно-правни односи
- ☐ Заштита на жртви од семејно насилство
- ☐ Работни односи
- ☐ Должничко-доверителски односи
- ☐ Заштита на потрошувачи
- ☐ Заштита од дискриминација
- ☐ Денационализација, приватизација (откуп) на државно земјиште и легализација на бесправно изградени објекти
- ☐ Сопственички спорови
- ☐ Социјална и здравствена заштита

21. Ве молиме означете ги видовите услуги на правна помош што ги обезбедивте и рангирајте ги во зависност од времето што го одвоивте за да ги извршите (рангирајте од 1 до 7; притоа 1 за тие за кои одвоивте најмногу време, до 7 за тие за кои одвоивте најмалку време, без повторување на истата оцена со која рангирате):

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Усни правни совети | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Пишани правни совети | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Застапување пред суд или државен орган | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Состав на правни акти | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Истражување и анализа на релевантни прописи | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Учество на преговори и медијација | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Други услуги | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |

22. На кои од следниве категории им беа обезбедени про боно услуги на правна помош?

- ☐ Жени
- ☐ Деца
- ☐ Лица од ромска етничка припадност
- ☐ Лица што живеат во сиромаштија
- ☐ Лица со попреченост
- ☐ Лица од ЛГБТИ-заедницата
- ☐ Лица што злоупотребуваат дроги и алкохол
- ☐ НВО што ги штитат правата на горенаведените категории лица

23. Дали водите посебна евиденција на обезбедените случаи на про боно правна помош?

- ○ Да
- ○ Не

24. Дали имате систем на проверка со кој можете да утврдите дали лицата ги исполнуваат условите за обезбедување про боно правна помош?

- ○ Да
- ○ Не

25. Доколку во моментот кога од вас побарале про боно правна помош и не сте биле во можност да им ја обезбедите, дали сте им оставиле можност да ве исконтактираат во иднина?

- ○ Да
- ○ Не

26. Доколку во моментот не сте во можност да обезбедите бесплатна правна помош, дали лицето го упатувате кај некој ваш колега што би одговорил на случајот?

- ○ Да
- ○ Не

27. Доколку финансиски не сте во можност целосно да понудите бесплатна правна помош, дали би ја намалиле цената на вашите услуги со цел да помогнете?

- ○ Да
- ○ Не
- ○ Можеби

28. Причини зошто не сте прифатиле да обезбедите про боно правна помош. Извршете рангирање (рангирајте од 1 до 7; притоа 1 за најважните причини, до 7 за најмалку важните):

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Недостиг на време кога ме контактираа | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Недоволно познавање на правната материја | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| што не е во согласност со моето работно искуство | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Предметот не ми беше интересен | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Проблем со конфликт на интереси | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Мојата лична ситуација се промени | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Конфликт со клиентот | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Други причини | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |

29. Ве молиме означете ги причините поради кои не обезбедувате, односно ви е отежнато обезбедувањето про боно правна помош и рангирајте ги според важноста. Извршете рангирање (рангирајте од 1 до 8; притоа 1 за најважните причини, до 8 за најмалку важните, без повторување на истата оцена со која рангирате):

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Недостиг на време и презафатеност | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Недоволно познавање на правната материја за која клиентите имаат потреба од про боно услуги | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Државата има обврска да ги покрие трошоците за правна помош на сиромашните граѓани | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Можност за проблеми при пријавување на ДДВ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Не сум заинтересиран/-а | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Тоа се често скапи и финансиски тешки случаи | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Недостиг на административна поддршка и/или ресурси | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Обесхрабрување од страна на мојот претпоставен | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |

30. Ве молиме означете ги причините поради кои сметате дека обезбедувањето про боно правна помош претставува позитивна практика и рангирајте ги според важноста. Извршете рангирање (рангирајте од 1 до 7; притоа 1 за најважните причини, до 7 за најмалку важните):

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Професионална обврска да и се помогне на заедницата | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Можност да регрутирам помлади соработници | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Можност да изградам вештини кај помлади соработници | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Можност да изградам мрежа на невладини и хуманитарни организации | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Дава признание во заедницата дека си добар/добра | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Имам доволно ресурси и сакам да помогнам | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Се чувствувам добро кога работам про боно | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ |
| Други причини (ве молиме наведете): | | | | | | | |

31. Дали во Република Македонија постои реална потреба од организација што би ги поврзувала лицата на кои им е потребна про боно правна помош и адвокатите што би ја обезбедиле таа помош?

- ○ Да
- ○ Не

32. Дали соработката на адвокатите со правните факултети и стажирањето на студентите што ќе помогнат во случаите, ќе помогне да се изгради одредена култура на обезбедување про боно правна помош за граѓаните на кои им е потребна?

- ○ Да
- ○ Не

33. Дали сметате дека адвокатите треба задолжително да обезбедуваат про боно услуги?

- ○ Да
- ○ Не (ви благодариме за учеството)

34. Според вашето мислење, дали поголем дел од адвокатите во Република Македонија имаат можност и ресурси задолжително да обезбедуваат бесплатна правна помош?

- ○ Да
- ○ Не

35. Означете ги двете клучни причини зошто сметате дека адвокатите треба задолжително да обезбедуваат про боно услуги на правна помош:

- ☐ За да ги зајакнат правните вештини и за да стекнат искуство
- ☐ Затоа што може да води кон платена работа
- ☐ За да им се помогне на сиромашните и на маргинализираните лица
- ☐ За да се зголеми угледот на адвокатот и адвокатурата
- ☐ Поради професионална одговорност
- ☐ Други (ве молиме наведете):

Македонско здружение на млади правници

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

**Унапредување на услугите на про боно правна помош во Република Македонија**